# ИНФОРМАТОР ЗА **ДИСКРИМИНАЦИЈА**

2017

**АВГУСТ**

Нееднаквиот третман кон определено лице или група на лица поради нивните лични карактеристики претставува дискриминација. Основите, видот и областите во кои дискриминацијата се забранува најдетално се опфатени со Законот за спречување и заштита од дискриминација. Прифаќањето на различностите и заштитата од дикриминација се многу важни за напредокот на секое општество. Од овие причини Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Хелсиншкиот комитет ги набљудуваат случаите на дискриминација, активностите на државата и останатите здруженија на граѓани во делот на превенцијата и заштитата од дискриминација. Информаторот ги прикажува податоците од набљудувањето во текот на еден месец. Месечните информатори вклучуваат и податоци за случаи и мислења дадени од страна на Народниот правобранител.

## Случаи на дискриминација

Нееднаков третман овој месец **13**

### ОБЛАСТ

| | | |
|---|---|---|
| 5 работни односи | 0 образование | 0 социјална сигурност |
| 1 здравство | 0 пристап до добра и услуги медиуми | 0 домување |
| 0 медиуми | 7 друго | |

## Реакции

Реакции овој месец **4**

### ВИД НА РЕАКЦИЈА

| | | |
|---|---|---|
| 0 осуда од функционери | 1 соопштение од здр. на граѓани | 0 Протест |
| 3 мислења на Народен Правобранител | 0 мислења на Комисија за заштита од дискриминација и Државни институции | 0 останато |

### ПРЕВЕНЦИЈА

Активности на ДИ **0**

Активности на здрж. на граѓани **1**

## Карактеристики на жртвата:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 25% пол | 0% етничка припадност | 0% религија | 25% политичка припадност |
| 0% попреченост | 0% сексуална ориентација | 50% друго | |

### ОБЛИК НА ДИСКРИМИНАЦИЈА

| | |
|---|---|
| директна | 10 |
| индиректна | 0 |
| вознемирување | 3 |

### СУДСКИ ПОСТАПКИ

| | |
|---|---|
| Тековни судски постапки | 0 |
| Позитивни пресуди | 2 |
| Негативни пресуди | 0 |

СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО 2017




### СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ОД ЈУЛИ 2017

СЛУЧАЈ:

Во текот на месец август до Хелсиншкиот комитет за човекови права стигна известување од Народниот правобранител за (НП) завршување на покренатата постапка по претставка на Комитетот во врска со дискриминаторската содржина на учебникот по Граѓанско образование за 8-мо одделение. Во случајот се работи за дискриминација врз основ на род, пол, здравствена состојба, попреченост и религија во областа на образованието. По овој предмет НП оценил дека постои повреда и доставил Препорака за начинот на отстранување на констатираните повреди до ресорното Министерство за образование и наука. На 14.08.2017 година до НП бил доставен Одговор од односна Комисија за давање предлог за повлекување од употреба на одобрен учебник, со кој известува дека Комисијата усвоила Извештај по кој Министерката за образование донела Решение за повлекување на учебникот од употреба.

СУДСКА ПРАКСА:

Европскиот суд за човекови права во случајот на FÁBIÁN v. HUNGARY цени дека суспензијата на пензијата на господинот Фабиан имала легитимна цел во делот на намалување на јавните трошоци. Сепак, според Судот унгарската Влада не дала други причини за намалување на опсегот на амандманот кон Актот за пензии од 1997 за одредени категории на државни службеници, каков што бил и господинот Фабиан, односно дека министрите и градоначалниците се изземени од овој акт. Судот не можел да увиди оправдување за тоа дека Актот за пензии од 1997 не треба да се применува на службеници од државната администрација, односно дека треба извесно различно да се третираат различните категории на државни службеници.

Во овој случај, со пресудата на Судот се утврдува дека во овој случај постои прекршување на членот 1 и членот 14 (забрана за дискриминација) од ЕКЧП, со оглед на тоа дека е утврден различен третман на пензионираните лица од јавниот и приватниот сектор, како и различен третман на државните службеници.

https://hudoc.echr.coe.int/eng-press#{"itemid":["003-5255480-6524391"]}

РЕСУРСИ:

Донесени две пресуди кои утврдуваат директна дискриминација

http://myla.org.mk/%D0%B4%D0%B2%D0%B5-%D0%B-F%D1%80%D0%B5%D1%81%D1%83%D0%B4%D0%B8-%D0%BA%D0%BE%D0%B8-%D1%83%D1%82%D0%B2%D1%80%D0%B4%D1%83%D0%B2%D0%B0%D0%B0%D1%82-%D0%B4%D0%B8%D1%80%D0%B5%D0%BA%D1%82%D0%BD%D0%B0-%D0%B4/

Дискриминација на Интернационалниот атлетски маратон Охрид

http://mhc.org.mk/announcements/620?locale=mk#.WbZRI1EjHIU

Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа **Мисија во Скопје**

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА **МАКЕДОНИЈА**

ПРИЈАВИ ДИСКРИМИНАЦИЈА НА:
**+389 (0)2 3119 073 / 078 252 812**